ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

14.10.2011.

# СООПШТЕНИЕ

## ДСГ - ДИЈАГНОСТИЧКО СРОДНИ ГРУПИ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2011 ГОДИНА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) соопштува дека на веб страната го објави ДСГ извештајот за првото шестомесечје од 2011 година, изготвен од работната група за ДСГ на ФЗОМ. Во анализата **се опфатени 58 здравствени установи**, класифицирани спрема видот и обемот на здравствени услуги што ги пружаат, од кои 54 се јавни здравствени установи и 4 приватни здравствени установи.

Во периодот јануари – јуни 2011 година евидентирани **се вкупно 104.289 случаи** од кои најголем број се во клиниките и општите болници. Здравствени установи со најголем број на ДСГ услуги се: Клиничка болница Тетово –8.266, Клиника за Гинекологија и Акушерство Скопје - 7.841, Клиничка болница Битола - 6.122, Клиничка болница Штип - 5.726 и Општа болница Струмица - 4.640.

Над 56% од сите **ДСГ услуги** се однесуваат на една од следните главни дијагностички категориии: Болести и пореметувања на респираторниот систем; Бременост, породување и пуерпериум; Болести и пореметувања на циркулаторен систем; Новороденчиња; Болести и пореметувања на дигестивниот систем.

Вкупно остварени болнички денови на престој во сите 58 здравствени установи изнесува **615.084 дена.** Просечен престој на пациентите во болниците (ALOS) на национално ниво изнесува **5,9 денови** што е ист просек со првото шестмесечје во 2010 година. По видот на здравствената установа просечниот престој изнесува: 6,11 во клиниките, 5,59 во клиничките болници, 5,69 во општите болници, 6,34 во специјалните болници, 15,43 во психијатриските болници и 7,67 во приватните болници.

**Комплексноста на случаите (Case Mix Index - CMI)** е главен показател за сложеноста на пациентите и потрошувачка на болничките ресурси и истата на **национално ниво изнесува 1,07, односно 1,09 со терцијар/трансфер**. За споредба за истиот период во 2010 година, комплексноста на случаите изнесувала 0,91.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Терцијарот е воведен од април 2011 година како дополнително вреднување на услугите во клиниките.

Во извештајот обезбедени се податоци и прегледи како на национално така и на ниво на здравствени установи за бројот на случаите, вкупниот и просечниот престој, главните дијагнози, комплексноста, возраста на пациентите и други податоци кои се генерираат од ДСГ груперот.

Линкот на кој можете да го најдете ДСГ извештајот за јануари-јуни 2011 година е следниов т.е. до истиот можете да пристапите преку веб страницата на ФЗОМ www.fzo.org.mk во делот на извештаи, анализи и прегледи :
http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/DSG%20Izvestaj%20jan_jun_2011.pdf